


**ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „ВО ЧЕСТ НА СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ОД Д-Р ВЕРА СТОЈЧЕВСКА – АНТИЌ И СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН**

Од 20 до 25 мај 1986 година во Рим се одржа манифестацијата „Во чест на свети Кирил", што традиционално се организира вознакот на основоположниците на современата писменост, солунските браќа светите Кирил и Методиј. По тој повод, во светиот град Рим пристигна културна делегација што ја предводеше членот на Претседателството на СРМ академикот Матеја Матевски, а ја сочинуваа:

Владислав Радаковиќ, претседател на Покраинскиот комитет за наука и култура на САП Војводина, Цветан Станоевски, заменик на претседателот на Републичката комисија за културни врски со странство, Драган Драгојловиќ, претседател на Републичката

комисија за односи со верските заедници и секретар на Републичката заедница на културата на СР Србија и д-р Коста Балабанов, директор на Музејот на Македонија и комесар на изложбата на икони.

Делегацијата на Македонската православна црква, пак, ја предводеше митрополитот австралиски г. Тимотеј во придружба на свештениците Спасе Стефаноски и Љупчо Двојаковски. Делегациите во Рим имаа средба со амбасадорот на СФРЈ во Република Италија и амбасадорот на СФРЈ при Светата столица, со што во духот на традицијата започна официјалниот дел на манифестацијата.

Потоа во галеријата *„Ла Пиња"* во Ватикан, д-р Коста Балабанов го одржа првото од двете предавања на тема: *„Средновековните икони од XI до XVII век во СРМ".* Исто така, д-р Коста Балабанво на Универзитетот во Рим го одржа второто предавање на тема „ *Нов ооткриените глинени икони на археолошкиот локалитет Виничко Кале во СРМ",* што беа проследени со соодветно внимание. Притоа, глинените икони предизвикаа посебна љубопитност како реткост и новина, кои за првпат излегуваат пред светската јавност.

Исто така, трите концерти: солистичкиот на Јадранка Јовановиќ, оперска солистка од Белград и на Дејан Богдановиќ, виолинист од Нови Сад, како и настапот на Хорот на просветните работници *„Св. Кирил и Методиј",* под диригентство на Тоде Радевски, што се одржаа во концертната сала во тврдината „Сан Анџела", и дадоа позитивен белег на манифестацијата.

Најзначајна средба на целата делегација беше приватната аудиенција кај папата Јован Павле II, која според ватиканскиот протокол е од највисок ранг, а се одржа во приемните простории на Ватикан, каде што по традиција во сите вакви досегашни средби нашите делегации биле примени од високодостојници на Светата столица.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**